ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ПОЛИТИКА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

## 1. Вовед

Превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам во Република Северна Македонија е регулирана со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (Службен весник на РМ бр. 120/2018 и 275/2019).

Центарот за развој на Скопскиот плански регион препознава дека перењето пари и обезбедувањето финансии за тероризам се сериозна закана за здравиот финансиски систем и води политика, која е во согласност со релевантните закони и регулативи.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион е посветен на највисоките етички стандарди во врска со спречување на перење пари и финансирањето на тероризам во согласност со препораките.

## 2. Подрачје на примена

Оваа Политика ги утврдува мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам во рамките на Центарот за развој на Скопскиот плански регион и е прилагодена на барањата на националното и меѓународното законодавство.

## 3. Придржување кон одредбите за спречување перење пари и финансирање тероризам

Центарот за развој на Скопски плански регион посветува особено внимание на потребата за усвојување и спроведување на ефективни мерки за спречувањето на перење пари и финансирањето на тероризмот.

Активностите на перење пари и финансирање на тероризам се спротивни со принципите и вредностите што го одредуваат работење, а како резултат на тоа, со цел да се справи со овие прашањата Центарот за развој на Скопскиот плански регион:

- воспоставува ефективни системи на анализа на клиентите, следење на одредени трансакции и собирање, чување и доставување на податоци за трансакциите и клиентите, кои ги вршат, со цел да се откријат, следат и оценат високо ризичните трансакции и клиенти,
- ги објавува потребните упатства и насоки во согласност со важечката регулатива и законските барања и презема мерки за нивно ажурирање,
- соработува и разменува информации со надзорните и независните органи и соодветните државни органи,

- не врши трансакции чија законитост е доведена во прашање или трансакции со физички или правни лица/субјекти, кога истото е забрането од страна на надзорните, судските и други органи,
- на вработените им обезбедува континуирана обука за превенција и справување со наведените прашања и целосно се придржува кон релевантната законска и подзаконска регулатива и сл.

3.1 Поткуп

Поткупот претставува понуда, ветување, отстапување, поднесување барање или прифаќање привилегија во замена за дејство што се смета за нелегално, неморално или навредливо.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ги презема сите мерки за да ги спречи и одврати активностите поврзани со поткуп:

- преку Кодексот на етика и воспоставените политика од областа на финансиското управување се подига свеста на вработените со цел да се оспособат да препознаат и да одвратат или спречат активности поврзани со поткуп,
- преку Кодексот на етика се охрабрува пријавувањето сомневања за можни неправилности, со цел да се обезбеди заштита на поединците и доверливост, во согласност со законската регулатива за заштита на укажувачи,
- се зајакнува навременото донесување мерки против лицата што се вмешани во поткуп, со оглед дека Центарот за развој на Скопскиот плански регион има Политика на нула толеранција за измама и Политика за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Сите вработени и соработници се одговорни за превенција, одвраќање и пријавување на таквите случаи.

## 4. Пријавување на злоупотреби

Забраната за перење пари, финансирање на тероризам и земање поткуп се однесува на вработените во Центарот за развој на Скопскиот плански регион, како и на соработниците и давателите на услуги на кои им се доделени активности во рамки на проектите.

## 5. Заклучок

Перењето пари и финансирањето на тероризмот се под силно влијание на меѓународната состојба, која се менува од ден на ден и одговорите на финансиските институции, кои еволуираат во согласност со оваа состојба. Центарот за развој на Скопскиот плански регион реагира флексибилно на овие трендови и промени во ризиците, додека истовремено ја идентификува и проценува сопствената изложеност на разни ризици и одржува ефективни системи за управување со донесување мерки за намалување на ризиците.

Центарот за развој на Скопскиот плански регион не дозволува услугите што ги обезбедува да се користат во перење пари или финансирање на тероризам. За таа цел, спроведува обуки на вработените

и заинтересираите страни за да се осигура дека тие се свесни за важноста на Политиката за спречување перење пари и финансирањето на тероризмот.

Оваа Политика има за цел да ги заштити Центрот за развој на Скопскиот плански регион од перење пари и финансирање на тероризам. Политиката ги истакнува принципите и минималните стандарди на внатрешните контроли против перењето пари и финансирањето на тероризам, кои Центарот треба да ги почитува за да ги ублажи ризиците кон репутацијата, непочитувањето на законската регулатива и финансиска загуба. Тоа е дел од поширокиот сет на политики насочени кон осигурување дека средствата на Центарот за развој на Скопскиот плански регион се користат во согласност со нејзината цел и поставува множество основни принципи и насоки.

## 6. Имплементација и ревидирање на Политиката за спречување перење пари и финансирање на тероризам

Политиката за спречување перење пари и финансирање на тероризам проактивно ќе се преиспитува и постојано ажурира со одобрување од страна на Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Политиката за спречување перење пари и финансирање на тероризам може да се ревидира во случај:

- да се воведат нови правила и принципи и/или значителни промени во легислативната и регулаторната рамка со која се уредува областа на корупција и судир на интереси
- да се усвојат нови меѓународни најдобри практики поврзани со областа на корупција и судир на интереси

Центарот за развој на Скопскиот плански регион ќе обезбеди соодветни и погодни ресурси за спроведување на овие политики и насоки и се обврзува на навремено информирање и објавување пред вработените и засегнатите страни.

Оваа Политика и сите поврзани постапки и стратегии се целосно поддржани од највисокото раководство и е одобрена од Советот за развој на Скопскиот плански регион.

Скопје, 14.12.2020 година

**Центар за развој на**
**Скопски плански регион,**
Раководител,
М-р Љупчо-Кец Милковски,

(потпис)